# С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**07.09.2020 год.** **Бр.XII**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014 и 7/19), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за објавување на актите донесени на 56-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 07.09.2020 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на 56-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 07.09.2020 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.09-976/1 од 07.09.2020 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 56-та седница, одржана на 07.09.2020 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 54-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 27.07.2020 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.04-965/3 од 07.09.2020 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.’’ бр.5/2002), член 158 став 1 од Законот за основното образование (“Сл.весник на Р.С.М.” бр.161/19) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево’’ бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 07.09.2020 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за дополнување на блок-дотацијата на ООУ “Никола Карев” Крушево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дополнува блок-дотацијата на ООУ “Никола Карев” Крушево за подигнување на стандардот и квалитетот на наставно образовниот процес, со средства од Буџетот на Општина Крушево.

**Член 2**

Средствата во висина од 20.000,00 денари, се обезбедени од Буџетот на Општина Крушево, а ќе се користат за поплочување на подот во училницитe и ходникот во ПУС Саждево.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.04-965/4 од 07.09.2020 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 10 став 2 алинеја 3 и член 58 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/14, 7/19 и 7/20), согласно Одлуката за видот, криетриумите, постапката и начинот на доделување на признание по повод 8-ми Септември, бр.08-164/1 од 02.10.1997 година, Советот на Општината Крушево на седницата одржана на 07.09.2020 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
***за доделување на пофалница***

1. СЕ ДОДЕЛУВА Пофалница по повод 8-ми Септември за 2020 година на:

- **НЛБ БАНКА АД СКОПЈЕ**, за посебен придонес во афирмацијата на Општина Крушево во областа на заштита и унапредување на животната средина и природата.

О б р а з л о ж е н и е :

Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија при Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 01.09.2020 година предложи, НЛБ Банка АД Скопје, да биде добитник на пофалница како награда по повод 8-ми Септември-Ден на независноста на Република Северна Македонија и Денот на ослободувањето на Крушево.

Наградата се доделува во знак за посебен придонес во афирмацијата на Општина Крушево во областа на заштита и унапредување на животната средина и природата.

Со оглед на изнесеново, решено е како во диспозитивот.

**Бр.04-965/5 од 07.09.2020 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 10 став 2 алинеја 3 и член 58 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/14, 7/19 и 7/20), согласно Одлуката за видот, криетриумите, постапката и начинот на доделување на признание по повод 8-ми Септември, бр.08-164/1 од 02.10.1997 година, Советот на Општината Крушево на седницата одржана на 07.09.2020 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
***за доделување на пофалница***

1. СЕ ДОДЕЛУВА Пофалница по повод 8-ми Септември за 2020 година на:

- **ПЕЛАГОНИСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН**, за посебен придонес во афирмацијата на Општина Крушево во областа за финансирање на инфраструктурни објекти и во областа на спортот.

О б р а з л о ж е н и е :

Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија при Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 01.09.2020 година предложи, Пелагонискиот Плански Регион, да биде добитник на пофалница како награда по повод 8-ми Септември-Ден на независноста на Република Северна Македонија и Денот на ослободувањето на Крушево.

Наградата се доделува во знак за посебен придонес во афирмацијата на Општина Крушево во областа за финансирање на инфраструктурни објекти и во областа на спортот.

Со оглед на изнесеново, решено е како во диспозитивот.

**Бр.04-965/6 од 07.09.2020 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 10 став 2 алинеја 3 и член 58 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/14, 7/19 и 7/20), согласно Одлуката за видот, криетриумите, постапката и начинот на доделување на признание по повод 8-ми Септември, бр.08-164/1 од 02.10.1997 година, Советот на Општината Крушево на седницата одржана на 07.09.2020 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
***за доделување на пофалница***

1. СЕ ДОДЕЛУВА Пофалница по повод 8-ми Септември за 2020 година на:

- **КЛУБ „ОЛМПИК СКИ” КРУШЕВО** , за посебен придонес во афирмацијата на Општина Крушево во областа на спортот.

О б р а з л о ж е н и е :

Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија при Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 01.09.2020 година предложи, Клуб “Олимпик Ски” од Крушево, да биде добитник на пофалница како награда по повод 8-ми Септември-Ден на независноста на Република Северна Македонија и Денот на ослободувањето на Крушево.

Наградата се доделува во знак за посебен придонес во афирмацијата на Општина Крушево во областа на спортот.

Со оглед на изнесеново, решено е како во диспозитивот.

**Бр.04-965/7 од 07.09.2020 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 10 став 2 алинеја 3 и член 58 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/14, 7/19 и 7/20), согласно Одлуката за видот, криетриумите, постапката и начинот на доделување на признание по повод 8-ми Септември, бр.08-164/1 од 02.10.1997 година, Советот на Општината Крушево на седницата одржана на 07.09.2020 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
***за доделување на пофалница***

1. СЕ ДОДЕЛУВА Пофалница по повод 8-ми Септември за 2020 година на:

- **ЗОРАН КАРДУЛА** од Крушево, за посебен придонес во афирмацијата на Општина Крушево во областа на културата и уметноста.

Образложение:

Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија при Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 01.09.2020 година предложи, Зоран Кардула од Крушево, да биде добитник на пофалница како награда по повод 8-ми Септември-Ден на независноста на Република Северна Македонија и Денот на ослободувањето на Крушево.

Наградата се доделува во знак за посебен придонес во афирмацијата на Општина Крушево во областа на културата и уметноста.

Со оглед на изнесеново, решено е како во диспозитивот.

**Бр.04-965/8 од 07.09.2020 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 10 став 2 алинеја 4 и член 58 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/14, 7/19 и 7/20), согласно Одлуката за видот, криетриумите, постапката и начинот на доделување на признание по повод 8-ми Септември, бр.08-164/1 од 02.10.1997 година, Советот на Општината Крушево на седницата одржана на 07.09.2020 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
***за доделување на признание***

1. СЕ ДОДЕЛУВА Признание по повод 8-ми Септември за 2020 година на:

- **НВО „Форум за авангардна креативност"** од Прилеп, за посебен придонес во афирмацијата на Општина Крушево во областа на спортот.

Образложение:

Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија при Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 01.09.2020 година предложи, Здружението на граѓани-Форум за авангардна креативност од Прилеп да биде добитник на признание како награда по повод 8-ми Септември-Ден на независноста на Република Северна Македонија и Денот на ослободувањето на Крушево.

Наградата се доделува во знак за посебен придонес во афирмацијата на Општина Крушево во областа на спортот.

Со оглед на изнесеново, решено е како во диспозитивот.

**Бр.04-965/9 од 07.09.2020 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 10 став 2 алинеја 4 и член 58 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/14, 7/19 и 7/20), согласно Одлуката за видот, криетриумите, постапката и начинот на доделување на признание по повод 8-ми Септември, бр.08-164/1 од 02.10.1997 година, Советот на Општината Крушево на седницата одржана на 07.09.2020 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
***за доделување на признание***

1. СЕ ДОДЕЛУВА Признание по повод 8-ми Септември за 2020 година на:

- **ФАНИ ЈОВАНОСКА** од Крушево за посебен придонес во афирмацијата на Општина Крушево во областа на спортот.

О б р а з л о ж е н и е :

Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија при Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 01.09.2020 година предложи, Фани Јованоска од Крушево да биде добитник на признание како награда по повод 8-ми Септември-Ден на независноста на Република Северна Македонија и Денот на ослободувањето на Крушево.

Наградата се доделува во знак за посебен придонес во афирмацијата на Општина Крушево во областа на спортот.

Со оглед на изнесеново, решено е како во диспозитивот.

**Бр.04-965/10 од 07.09.2020 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 10 став 2 алинеја 4 и член 58 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/14, 7/19 и 7/20), согласно Одлуката за видот, криетриумите, постапката и начинот на доделување на признание по повод 8-ми Септември, бр.08-164/1 од 02.10.1997 година, Советот на Општината Крушево на седницата одржана на 07.09.2020 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
***за доделување на признание***

1. СЕ ДОДЕЛУВА Признание по повод 8-ми Септември за 2020 година на:

- **ТППЕ-КРУШЕВО** за посебен придонес во афирмацијата на Општина Крушево во областа на Противпожарната заштита и заштита на животната средина.

О б р а з л о ж е н и е :

Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија при Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 01.09.2020 година предложи, ТППЕ-Крушево да биде добитник на признание како награда по повод 8-ми Септември-Ден на независноста на Република Северна Македонија и Денот на ослободувањето на Крушево.

Наградата се доделува во знак за посебен придонес во афирмацијата на Општина Крушево во областа на Противпожарната заштита и заштита на животната средина.

Со оглед на изнесеново, решено е како во диспозитивот.

**Бр.04-965/11 од 07.09.2020 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре. бр. страна
1. Заклучок за објавување на актите донесени на 56-та седница на Советот на Општина Крушево ………………………………………… 1
2.Заклучок за усвојување на записникот од 54-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 27.07.2020 година ………………. 1
3. Одлука за дополнување на блок-дотацијата на ООУ “Никола Карев” Крушево ………. 1
4. Решение за доделување на пофалница на НЛБ Банка АД Скопје …………………….. 2
5. Решение за доделување на пофалница на Пелагониски Плански Регион …………… 2
6. Решение за доделување на пофалница на Клуб “Олимпик Ски” Крушево …………… 2
7. Решение за доделување на пофалница на Зоран Кардула од Крушево ……………… 3
8. Решение за доделување на признание на НВО “Форум за авангардна креативност” Прилеп …………………………………….. 3
9. Решение за доделување на признание на Фани Јованоска од Крушево ………………. 4
10. Решение за доделување на признание на ТППЕ Крушево ……………………………… 4

Редакциски одбор на Општина Крушево.